Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), Програмата за остварување на социјалната заштита во Општина Битола за 2024 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 17/23 од 26.12.2023), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за поддршка на лица со ретки болести

Општина Битола објавува **Јавен повик за поддршка на лица со ретки болести за патни трошоци до болница надвор од Битола и нивни потреби**, односно финансиска поддршка на лица со ретки болести кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата.

Критериумите и условите како и потребните документи кои едно лице треба да ги исполнува и достави за искористување на средства од Програма за социјална заштита на Општина Битола во делот на финансиска поддршка на лица со ретки болести се:

- согласно дијагноза и критериуми на Министерство за здравство да биде регистрирано како лице со ретка болест и/или да достави писмен документ од соодветна медицинска установа според кој е нагласено дека одредената состојба е ретка болест (**доставена медицинска документација**).
- да има соодветна медицинска документација од посети на клиника надвор од Битола (**извештаи**).
- да е жител на општина Битола со важечка лична карта со адреса во општина Битола односно доколку адресата на лична карта се разликува од адресата на живеење да се поднеси доказ дека лицето живее во општина Битола. (**доставена копија од лична карта)**
- да има важечка трансакциска сметка во банка на која ќе се исплатат средствата (**доставена копија од трансакциска сметка**)
- **пополнета пријава и изјава на нотар** кои се во прилог на самиот повик или може да се подигнат од Општина Битола Бул. „1-ви Мај“ бр.61 на шалтер број 1.

Периодот на пријавување е отворен во текот на цела година до целосно искористување на средствата при што исплата ќе се врши два пати годишно, јули и декември, а едно лице има право на искористување на средства еднаш во текот на годината, до максимален износ од 30.000,00 денари бруто износ од лице во зависност од потребите за лекување надвор од Битола.

Лице за контакт: м-р Симона Јовеска, моб: 071385682, e-mail: simonajoveska132@gmail.com.

Бр.08- 27 /2
15.01.2024

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА